С Т О П А Н С К А Б А Н К А АД - С К О П Ј Е

# МИСЛЕЊЕ КОН
# РЕВИДИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Скопје, Мај 2020 година

**МИСЛЕЊЕ КОН**
**РЕВИДИРАНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ**

1. Врз основа на Законот за банки, Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје (СБ), на седницата одржана на 29-ти мај, 2019 година, го избра ревизорското друштво ***PricewaterhouseCoopers Revizija ДОО Скопје*** за овластено ревизорско друштво коешто ќе изврши ревизија на финансиските извештаи, сметководствената евиденција и информатичките системи поврзани со работењето на Банката во деловната и фискална **2019** година во согласност со локалните законски прописи и ќе изврши ревизија на интерните финансиски извештаи/пакети IFRS U.S. GAAP за деловната **2019** година, а во согласност со интерните политики и процедури на групацијата НБГ.

2. Во согласност со домашната регулатива за финансиско известување, избраното ревизорско друштво ги ревидира финансиските извештаи на СБ коишто го вклучуваат билансот на состојба со состојба 31.12.2019 година и билансот на успех, извештајот за промените во капиталот и извештајот за паричниот тек за годината што заврши, и резиме на значајните сметководствени политки и други забелешки.

3. Надзорниот одбор целосно ја признава одговорноста на Менаџментот за подготовката и објективното претставување на финансиските извештаи во согласност со домашните стандарди за финансиско известување.

4. Надзорниот одбор целосно ја признава одговорноста на ревизорското друштво за изразување на мислење врз основа на презентираните финансиски извештаи во согласност со домашните ревизорски стандарди коишто налагаат усогласеност со етичките барања и планирање и вршење ревизија за да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи не содржат материјални пропусти.

5. По извршувањето на ревизијата на презентираните финансиски извештаи, беше дадено следново ревизорско мислење:
   ***Мислење**:*
   *Според наше мислење, финансиските извештаи на Стопанска банка АД - Скопје за годината која завршува на 31.12.2019 година, во сите материјални аспекти, се подготвени во согласност со сметководствената регулатива која се применува во Република Северна Македонија.*

6. Членовите на Надзорниот одбор на СБ ги разгледаа ревидираните финансиски извештаи и соодветното ревизорско мислење. Беше заклучено дека финансиската позиција и резултатите од работењето на Банката се презентирани објективно и точно во релевантните Финансиски извештаи. Надворешните ревизори на Банката немаат откриено ниту едно прашање што материјално би влијаело на Финансиските извештаи.

7. Надзорниот одбор би сакал да ја изрази својата благодарност кон ревизорското друштво за нивната конструктивна соработка и придонес.

Н.О. бр.________
___.05.2020, Скопје

**НАДЗОРЕН ОДБОР**
Претседател,
Маринис Стратопулос